РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-3313
17.01.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет, потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет, потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Машинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 08-645/19 од 19.12.2017 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-3313 од 21.12.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет, потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет, по добиеното Решение за акредитација бр. 17-48/4 од 24.11.2017 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-3313 од 16.01.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 16.01.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-3313 од 16.01.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на студии по Метрологија, менаџмент и контрола на квалитет, потпрограма Метрологија и потпрограма Менаџмент и контрола на квалитет на Машинскиот факултет единица во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Рената Дескоска**

**Доставена до:**
- **Примач**
- **Архива**

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Дузевска
одобрил: д-р Агим Рушити